Су.бр.205/2010-4

Врз основа на чл.88 од Законот за судовите чл.100 од Законот за јавни набавки Претседателот на Апелациониот суд во Штип Стојанче Рибарев, на ден 29.03.20010 год. го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

За најповолен понудувач, носител на набавката за **ЛЦД МОНИТОРИ ЗА СУДНИЦИ**, по спроведената постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди, **СЕ ИЗБИРА „КРИСТИ МАР“ ДООЕЛ Штип.**

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение Су.бр.205/2010 од 03.02.2010 год., е утврдена потребата за набавка за ЛЦД монитори за судници и истата да се изврши со барање за прибирање на понуди согласно чл.100 ст.1 алинеја 1 од Законот за јавни набавки.

Како критерум за избор за најповолен понудувач е определно да биде цената 80 бодови, рок на испорака 10 бодови и рок на плаќање 10 бодови.

Покана за доставување на понуди беше доставена до 3(тројца) економски оператори кои доставија понуди.

По спроведената постапка, комисијата за јавни набавки достави до Претседателот на судот записник и извештај за евулација на понудите со предлог како најповолен понудувач да се избере понудувачот КРИСТИ МАР ДООЕЛ од Штип.

Претседателот на Апелациониот суд во Штип од записникот и извештајот за евалуација на понудите поднесен од Комисијата за јавни набавки утврди дека понудувачот КРИСТИ МАР од Штип има понудено најповолна понуда согласно критериумите дадени во барањето, односно понудувачот КРИСТИ МАР од Штип има добиени вкупно 100 бодови, Нова компјутери од Штип 90,77 бодови, а Конико од Скопје 91,30 бодови.

Ваквиот број на бодови е добиен поради следното: КРИСТИ МАР од Штип има понудено вкупен износ на вредноста на набавката 54.500,00 ден.без ДДВ, НОВА КОМПЈУТЕРИ од Штип има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 57.140,00 денари без ДДВ, а понудувачот КОНИКО од Скопје има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 52.201,00 ден. без ДДВ, а 57.540,00 денари со ДДВ.

Поради тоа по критериум цена КРИСТИ МАР има добиено 80 бодови, НОВА КОМПЈУТЕРИ 76,30 бодови, КОНИКО има добиено 75,77 бодови.

Во однос на критериумот Рок на испорака понудувачот КРИСТИ МАР понудил 7 дена и има добиено 10 бодови, НОВА КОМПЈУТЕРИ понудил 30 дена и има добиено 5 бодови, а понудувачот КОНИКО исто така понудил 30 дена , за што добил 5 бодови.

За критериумот рок на плаќање сите понудувачи понудиле 30 дена па по овој критериум сите понудувачи добиле по 10 бодови.

Поради овие причини Претседателот на Апелациониот суд во Штип одлучи како најповолен понудувач, носител на набавката на ЛЦД монитори за судници да го избере понудувачот КРИСТИ МАР ДООЕЛ од Штип.

Од погоре изнесените причини, а врз основа на чл.100 ст.1 алинеја 1 и чл.142 ст.5 и 6 од Законот за јавни набавки се одлучи како во изреката на ова решение.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП – 29.03.2010 година.

Претседател на судот
Стојанче Рибарев с.р.

ПОУКА: Против ова решение незадоволниот економски оператор има право на жалба во рок од 3 дена по приемот на истото до Државната комисијата за жалби по Јавни набавки.